# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 09-301/7
29.09.2025 год.
КУМАНОВО

Согласно член 9 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 година, Стручниот тим за изведување наекскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците при ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово изработи

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### I. Цел

Овој кодекс има за цел да обезбеди безбедно, културно и дисциплинирано однесување на учениците за време на организирани ученички екскурзии, излети, културни настани, спортски манифестации и други вонучилишни активности надвор од училиштето.

### II. Општи правила

- ✓ Учениците се должни достојно да го претставуваат своето училиште;
- ✓ Забрането е консумирање алкохол и други недозволени супстанции;
- ✓ Забрана за наружување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување на материјална штета на местата кои ги посетуваат;
- ✓ Учениците се должни да го почитуваат распоредот, програмата и упатствата утврдени од училиштето и одговорните наставници/раководители.
- ✓ За време на активностите, учениците мора да бидат во групата и да не се оддалечуваат без дозвола.
- ✓ Почитување на соучениците, наставниците, туристичкиот водич и сите други лица вклучени во организацијата.

### III. Безбедност

- ✓ Во автобус или друго превозно средство учениците седат на своите места, со задолжително користење на безбедносните појаси (доколку ги има).
- ✓ Не е дозволено стоење, трчање, викање или отворање на прозорци без дозвола на возачот/наставникот.
- ✓ На локациите кои се посетуваат, учениците се придржуваат кон правилата за движење и безбедност.

**IV. Чување на имотот**

Учениците се должни да го чуваат имотот на превозникот, хотелот/објектот, музеите и сите други институции кои се посетуваат.
Доколку ученик намерно предизвика штета, родителот/старателот е должен да јанадомести истата.

**V. Одговорности на учениците**

- ✓ Да внимаваат на сопствените лични работи – училиштето не сноси одговорност за загубени предмети поради невнимание.
- ✓ Да ги информираат наставниците за секоја промена на здравствената состојба или друга околност.

**VI. Дисциплински мерки**

Во случај ученикот за време на изведувањето на ексурзиите, излетите и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува на ученикот учество на наредннитена ексурзиите, излетите и другите вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

**VII. Завршни одредби**

# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ КУМАНОВО

Врз основа на овој Кодекс, родителот / старателот на ученикот потпишува Изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната Изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците.

Стручен тим за подготовка на Програмата за изведување на екскурзиите излетите и другите вонучилишни активности

Јасминка Спасовска – директор
Милена Илиќ Пешиќ – стручен соработник дефектолог
Катерина С. Саздевска- предметен наставник
Валентина Павловска – предметен наставник
Милена Стафановска – одделенски наставник
Катерина Митевска – одделенски наставник
Биљана Пеовска – одделенски наставник